**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**Одделение за урбанизам и подготовка на Урбанистички планови**
**Бул. Јане Сандански бр.109, Скопје**
Врска бр.18-1183/2 од 07.04.2022 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-1183/3
10-08-2022 20___ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (сл. Весник на РСМ бр.32/20) а во врска со доставен предлог за одобрување на проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, од страна на комисијата за урбанизам формирана од градоначалник со решение бр.18-2095/1 од 24.08.2021 год., градоначалникот на општина Аеродром на ден 07.04.2022 год. донесе :

# РЕШЕНИЕ

**За одобрување на проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2- лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 816 КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром**

1. Се одобрува проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2- лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 816 КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром.
2. Составен дел на ова решение е проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2- лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 816 КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром, со технички број 03/22 од Април 2022 год. изработена од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес.
3. Ова Решение влегува на сила со денот на негово донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Преку електронскиот систем е-урбанизам поднесено е барање за одобрување на **проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2- лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 816 КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром** изработена од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, (бр. на постапка 42215 од 31.03.2022 год.), ополномоштени од инвеститорот Александра Хаџи Кочкова Вељаноска.

Врз основа на Предлог за одобрување од страна на Комисијата за урбанизам бр.18-1183/2 од 07.04.2022 год. донесено е Решение за одобрување на проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2- лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 816 КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**Тимчо Муцунски**

Strashko Hadji Kocev
Digitally signed by Strashko Hadji Kocev
Date: 2022.08.10 11:31:06 +02'00'